**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**УП1 Бр 14- 1346**
**05.10.2017 година**
**С К О П Ј Е**

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 18.12.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Viëra Вредност Value |
| 03 | 1619 | 20 | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на тригодишни студии по Бизнис и економија, насока економија, Бизнис и економија, насока финансии и сметководство, Бизнис и економија, насока менаџмент и маркетинг и четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока економија, Бизнис и економија, насока финансии и сметководство, Бизнис и економија, насока менаџмент и маркетинг и студиските програми од втор циклус на едногодишни студии по Финансии, Манаџмент, Маркетинг и Професионален менаџмент на продажба и двегодишни студии по Манаџмент, Маркетинг, Бизнис администрација и Финансии и сметководство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Економија и Бизнис администрација на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиските програми од прв циклус на тригодишни студии по Бизнис и економија, насока економија, Бизнис и економија, насока финансии и сметководство, Бизнис и економија, насока менаџмент и маркетинг и четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока економија, Бизнис и економија, насока финансии и сметководство, Бизнис и економија, насока менаџмент и маркетинг и студиските програми од втор циклус на едногодишни студии по Финансии, Манаџмент, Маркетинг и Професионален менаџмент на продажба и двегодишни студии по Манаџмент, Маркетинг, Бизнис администрација и Финансии и сметководство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Економија и Бизнис администрација на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Приватната високообразовна установа Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се обрати со барање со број 03-1619/8 од 06.07.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1346 од 11.07.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на тригодишни студии по Бизнис и економија, насока економија, Бизнис и економија, насока финансии и сметководство, Бизнис и економија, насока менаџмент и маркетинг и четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока економија, Бизнис и економија, насока финансии и сметководство, Бизнис и економија, насока менаџмент и маркетинг и студиските програми од втор циклус на едногодишни студии по Финансии, Манаџмент, Маркетинг и Професионален менаџмент на продажба и двегодишни студии по Манаџмент, Маркетинг, Бизнис администрација и Финансии и сметководство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Економија и Бизнис администрација на Факултет за бизнис и економија, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование со Решение бр.19-443/6 од 15.03.2017 година, бр.19-443/2 од 15.03.2017 година, бр.19-443/4 од 15.03.2017 година, бр.19-443/7 од 15.03.2017 година, бр.19-443/3 од 15.03.2017 година, бр.19-443/5 од 15.03.2017 година, бр.19-443/5 од 15.03.2017 година, бр.19-443/12 од 15.03.2017 година, бр.19-443/14 од 15.03.2017 година,

бр.19-443/13 од 15.03.2017 година, бр.19-494/2 од 05.06.2017 година, бр.19-443/10 од 15.03.2017 година, бр.19-443/9 од 15.03.2017 година, бр.19-443/11 од 15.03.2017 година, бр.19-443/8 од 15.03.2017 година и бр.19-443/15 од 05.06.2017 година.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1346 од 23.08.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 19.09.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 14-1346 од 22.09.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми наведени во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
**Анета Трпевска**

**Доставено до:**
**- Примачот**
**-Архива**

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити